# ПОЛИТИКА ЗА УПРАВУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

М-НАВ А.Д.-Скопје низ долгогодишното искуство остварува преопознатлив углед на квалитетна и професионална организација во областа на давање на услуги во воздухопловната навигација, со цел да се одржи на самиот врв во однос на безбедноста и квалитетот на услугите што ги обезбедува, истовремено грижејќи се за задоволството на корисниците препознавајќи ги интересите на своите вработени, сопственикот и локалната заедница со постојана грижа за животната средина.

М-НАВ А.Д.-Скопје за да биде меѓу најдобрите, во целост мора да се посвети на постојано подобрување на сопствени вештини и ефикасноста во работењето, почитувајќи ги сите законски барања и стандарди со особена грижа во управување со животната средина.

Со препознавање на сите аспекти од животна средина се овозможуваат услови за дефинирање на општи и поединечни цели за заштита на животната средина, водејќи сметка за следното:

- Усогласеност со законски и други потребни барања поврзани со заштита на животната средина;
- Одржување и рационално користење на природните ресурси;
- Развивање на свеста за одговорно однесување кон животната средина;
- Превенција од загадување како основен пристап во управување со аспектите на животната средина;
- Обезбедување на услови за селектирање и собирање на секаков вид отпад;
- Обука на вработените за подготвеност и одзив во вонредни состојби;
- Потреба од постојано подобрување на системот за управување со животната средина;
- Континуирана грижа за спречување на загаденост на животната средина;
- Соодветен избор на економски оператори согласно барањата за заштита на животната средина;
- Управување со придонесот на М-НАВ А.Д.-Скопје врз климатските промени.

Важна задача на сите вработени во М-НАВ А.Д.-Скопје е реализација на општи и поединечни цели за заштита на животната средина, при што секој вработен го дава својот придонес за заштита на животната средина во рамки на неговите работни активности и прифатливо влијае врз животната средина при спроведување на работните процеси.

Сите активности на системот за управување со заштита на животната средина се насочени кон отстранување на неусогласености, при што приоритет се дава на постојано препознавање на ризиците и можностите за подобрување, односно континуирано следење на сите работни активности.

Скопје, април 2024 година

УО на М-НАВ А.Д.-Скопје
м.п. Këshilli Drejtues i M-NAV Sh.A. Shkup

Милан Кораќ, Претседател
Hekuran Asani, член
d-r Hasim Deari, член

Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација
АД Скопје
М-НАВ
M-NAV
SHA Shkup
Shoqëria aksionare në pronësi shtetërore për kryerjen e veprimtarisë së dhënies së shërbimeve në navigacionin Ajror